gip international travail, emploi, formation professionnelle

Liberté • Égalité • Fraternité

RÉPUBLIQUE FRANÇAISE


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ

| Примено: | 05 -11- 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 13 | -7084/1 | | |


# ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА

# 2012-2014

**помеѓу**

**Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**

**и**

**ГИП Интернационал**

**Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција**

**ВОВЕД**

Оваа програма за соработка спаѓа во рамките на продолжувањето на претходните програми потпишани помеѓу ГИП Интернационал (Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Како прва земја од Балканот што потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската Унија (2001), Република Македонија има кандидатски статус од декември 2005 година и од 2007 година може да го користи новиот инструмент за претпристапна помош (ИПА).

Првата програма за соработка помеѓу ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија беше потпишана во 2006 година. Соработката остварена во рамките на оваа прва програма за соработка овозможи да се зацврсти взаемниот интерес на француските и македонските партнери во однос на техничка соработка во областа на вработувањето и професионалната обука.

Втората програма за соработка беше потпишана во 2007, со цел да се интензивира и направи долготрајна оваа соработка во областа на трудот (здравје и безбедност при работа и нелегална работа) и вработувањето, насочувајќи ја особено поддршката кон транспонирање на европските директиви, користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување.

Со оглед на корисните искуства од Втората програма, Третата програма за соработка за периодот 2009-2011 година особено се концентрираше на зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија во полето на здравјето и безбедноста при работа, при што бројни директиви на Европската Унија беа транспонирани во македонското законодавство и се пристапи кон нивна адекватна имплементација.

Четвртата програма за соработка за 2011 година со проекции за 2012 година, се потпиша и спроведе како континуитет на претходните взаемни заложби на полето на трудот (здравје и безбедност при работа), но и едно големо проширување на полето на вработувањето и професионалната обука.

Впрочем, оваа активност на соработка со ГИП Интернационал се впишува во рамките на ориентациите дефинирани од страна на Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција. Оваа активност има за цел, пред сè, да ги придружува социјалните промени предизвикани од процесот на европско „проширување", процес што претставува одлучувачки фактор за создавањето на Европа. Тој процес создава нови потреби во засегнатите земји, особено во областа на социјалните политики. Така, активноста на ГИП Интернационал во основа се стреми да даде предност на ширењето на демократски практики, почитувањето на социјалните норми, промовирањето на еден концепт за развој што се заснова на социјалниот дијалог, поддршка кон политиките за обука насочени кон вработувањето, борба против сиромаштијата, дискриминацијата, социјалната исклученост.

Според тоа, покрај општите принципи што ги условуваат активностите на ГИП Интернационал, соработката помеѓу групацијата и македонското Министерство за труд и социјална политика има за цел да се вклучи во рамките на стратешките цели на македонската Влада во областа на трудот, вработувањето и професионаланата обука. Оваа соработка има за цел да му обезбеди на

македонското Министерство за труд и социјална политика техничка помош што може да го поддржи и олесни структурниот развој, кој станува неопходен поради националната и меѓународната економска и социјална средина. Спроведувањето на такви политики спаѓа во полето на интервенција на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучен помеѓу Европската Унија и Република Македонија. Освен тоа, соработката помеѓу ГИП Интернационал и македонското министерство има и за цел да придонесе кон приближување на македонското законодавство и политики кон европските норми.

Во текот на техничките состаноци што се одржаа во Скопје во мај 2012 година, македонските и француските раководители на проекти заедно ја составија проценката од спроведувањето на Програмата за соработка за периодот 2011 со проекции за 2012 година. Резултатот беше главно позитивна проценка и силна посветеност да се земе што е можно подобро предвид социо-економскиот развој на Република Македонија во реализацијата на стратешките оски и проекти. Страните се договорија да ја одржуваат динамиката што веќе постои на полето на вработувањето, особено во однос на информациските системи на пазарот на трудот, но и воопшто, да ја продолжат соработката во однос на стратешка поддршка кон европската интеграција.

Техничкиот состанок што се одржа во Скопје во мај 2012 година со македонското министерство и Агенцијата за вработување го потврди методолошкиот пристап што се структурира во:

- стратешки оски што одговараат на долгорочните приоритети на македонската страна;
- проекти што ги обединуваат сите кохерентни активности во служба на претходно дефинираните цели и се водени од јасно определени македонски и француски раководители на проекти;
- активности што се спроведуваат секоја година (експертски мисии, студиски посети...) за реализација на проектите.

## СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма треба да биде во склад со очекуваните резултати во рамките на компонентата на ИПА за развој на човечки ресурси и содржи две стратешки оски што ја структурираат активноста на чинителите околу повеќегодишни проекти во областа на трудот и вработувањето, според желбите на македонските власти.

Спроведувањето на стратешките оски се расчленува на годишни програми за 2012, 2013 и 2014 година, коишто ги прецизираат активностите што треба да се спроведат за да се реализираат општите зацртани цели и работните календари. Овие активности спаѓаат во четирите области на понуда на услуги на ГИП Интернационал, за развој на политики во двете полиња на делување што го засегаат, и тоа:

- Институционална поддршка
- Осмислување на обука
- Развој на вештини
- Развој на алатки

Следењето на реализацијата на програмата ќе се врши на координиран начин. Секоја активност ќе биде опфатена во извештај напишан од експертите и одобрен од ГИП, кога станува збор за

мисиите, и од страна на македонското Министерство за труд и социјална политика кога се работи за студиските посети. Една годишна проценка ќе биде заеднички составена од страна на раководителите на проекти и ќе овозможи да се измери напредокот на повеќегодишната програма, но и да се измени истата доколку е потребно.

Оваа соработка може да бара од една или друга страна да стави на располагање информации и документи без да е потребно да се организира посета на експерти. Овие размени на информации, кои се почести и тесно поврзани со развојот на информациските технологии, се во надлежност на раководителите на проектите.

За сите активности предвидени во програмата, општите услови за реализација на активностите се следните:

**1.** Реализација на мисии во Македонија

За Франција, ГИП Интернационал се обврзува да се погрижи за:

- Испраќање на француски експерти во Република Македонија и финансиско покривање на нивното повратно патување;
- Дневници што се исплаќаат на експертите за трошоците поврзани со престојот (хотел, храна, превоз за лични потреби);
- Превод од француски кон македонски јазик на материјалите потребни за реализација на мисиите;
- Толкување од француски кон македонски и од македонски кон француски јазик.

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политија се обврзува да се погрижи за:

- Подготовка на работната програма, организација на семинар и средби;
- Локален трансфер на француските експерти неопходен за реализација на програмите;
- Резервација на хотелски соби.

**2.** Реализација на студиски посети во Франција

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика се обврзува да се погрижи за:

- Испраќање на македонските експерти во Франција и финансиско покривање на нивното повратно патување.

За Франција, ГИП Интернационал се обврзува да се погрижи за:

- Подготовка на работната програма и средбите;
- Резервација и плаќање на хотелските соби на членовите на делегацијата;
- Покривање на сите трансфери на македонските членови на делегацијата, неопходни за реализација на програмата;
- Покривање на трошоците за храна за македонските експерти и толкувачот;
- Превод од француски кон македонски јазик на материјалите потребни за реализација на студиските посети;
- Испраќање на толкувач и толкување од француски кон македонски и од македонски кон француски јазик.

ГИП Интернационал ќе му ги пренесе на секој македонски член на делегацијата, од самото пристигнување на аеродромот, сите детали во однос на организацијата на пречекот.

## Извештај од мисиите

Извештај од мисијата се составува од страна на француските експерти по секоја мисија во Македонија, во контакт со македонскиот раководител на проект, и од страна на македонската делегација, а во контакт со францускиот раководител на проект по секоја студиска посета во Франција. Неговата содржина овозможува размена помеѓу експертите и раководителите на проекти со цел да се дојде со заеднички согледувања и препораки. По секоја студиска посета во Франција, извештајот се испраќа во рок од еден месец од страна на македонскиот партнер до ГИП Интернационал. По секоја мисија во Македонија, извештајот се испраќа од страна на францускиот раководител на проектот до одговорното лице во ГИП Интернационал, кој го препраќа, заедно со своите забелешки, доколку ги има, до македонската страна, во рок од еден месец.

## Координација и евалуација

Страните се согласуваат да одржуваат редовна и коректна размена помеѓу раководителите на проекти од една страна, ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика од друга страна. Средишна проценка се прави барем еднаш годишно со учество на раководителите на проектите, како и на крајот на предвидениот период.

ГИП ќе се погрижи за преводот на Програмата за соработка на македонски (18 страни).

За координација на спроведувањето на програмата, ГИП Интернационал и Министерството за труд и социјална политика ќе назначат лица за контакт.

1– За Министерството за труд и социјална политика во Македонија:
Г-н Рефет АМЕТИ, тел: 00 **389 2 3106 294** Факс: 00 **389 2 3106 294** (исто)
Е-пошта : RAmeti@mtsp.gov.mk

2– За ГИП Интернационал во Франција:
Г-ѓа Корин ПЛАКТОР, тел: 00 33 144 38 34 21 Факс: 00 33 144
Е-пошта: corinne.plaktor@gipinter.travail.gouv.fr

# Претставување на структурата на стратешката програма 2012-2014

**Македонија - ГИП Интернационал**

| ОБЛСТИ | СТРАТЕШКИ ОСКИ | ПРОЕКТИ | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРУД** | **ОСКА 1**<br>Поддршка кон транспонирање | **Проект 1:**<br>Зајакнување на вештините на испекторите<br>ИНТЕФП | | Активност МКД 1.1.1.0.1<br>Семинар за зајакнување<br>Прво полугодие на 2013 (3 дена)<br><br>Активност МКД 1.1.1.0.2<br>Студиска посета<br>јуни 2013 (4 дена) | |
| **ВРАБОТУВАЊЕ** | **ОСКА 1**<br>Стратешка поддршка кон европската интеграција | **Проект 1:**<br>ЕУРЕС и мобилност на раб.сила<br>Pôle emploi | | Активност МКД 2.1.1.0.1<br>Зајакнување на капацитетите за ЕУРЕС<br>Второ полугодие на 2013 (2 дена) | |
| | | **Проект 2:**<br>Користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување<br>RACINE+POLE EMPLOI | | Активност МКД 2.1.2.0.1<br>Управување со проектен циклус<br>Февруари 2013 (3 дена)<br><br>Активност МКД 2.1.2.0.2<br>Работилница за користење на ЕСФ<br>Април 2013 (2 дена) | |
| | | **Проект 3:**<br>Борба против дискриминација<br>POLE EMPLOI | | | Активност МКД 2.1.3.0.1<br>Семинар за борба против дискриминација<br>Јануари 2014 (2 дена) |
| | | **Проект 4:**<br>Политики за врботување<br>POLE EMPLOI | Активност МКД 2.1.4.0.1<br>Семинар за политики за вработување<br>Ноември 2012 (2 дена) | | |
| | **ОСКА 2**<br>Зајакнување на ефикасноста на Агенцијата за вработување на РМ | **Проект 1:**<br>Развој на алатки во служба на посредувањето<br>Pôle emploi | Активност МКД 2.2.1.0.1<br>Семинар за односи со претпријатијата<br>Последно тромесечје на 2012 (2 дена) | Активност МКД 2.2.1.0.2<br>Студиска посета за размена на искуства преку практични примери за односи со претпријатијата.<br>Трето тромесечје на 2013 (3 дена) | |
| | | **Проект 2:**<br>Информациски систем за пазарот на труд<br>Pôle emploi | | Активност МKD 2.2.2.0.1<br>Обука за развој на статистички анализи во рамките на Агенцијата за вработување на РМ<br>Второ тромесечје на 2013 (3 дена) | |
| | | **Проект 3:**<br>Развивање на самостојноста на барателите на работа<br><br>Pôle emploi | | | Активност МКД 2.2.3.0.1<br>Капитализирање и верифицирање на стекнатите искуства за поголема можност за вработување на барателите на работа на пазарот на труд<br>Трето тромесејче на2013 (3 дена) |
| ПРОЦЕНКА – ЕВАЛУАЦИЈА – СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА 2012-2014 | | | | АКТИВНОСТ 5.0.0.0.1 Мај 2013<br>АКТИВНОСТ 5.0.0.0.2 Мај 2014 | |

| | | |
|---|---|---|
| (виолетова) | Пречек во Франција | Со црвено:<br>реализирана мисија |
| (розова) | Мисија во Македонија | |

# ТРУД

МАКЕДОНИЈА
Област: Труд
ПРОГРАМА 2012 - 2014

**Стратешка оска на поврзување: Помош за транспонирање на европските директиви**

**Проект: Зајакнување на вештините на инспекторите на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија**

**Активност бр. 1 МКД 1.1.1.0.1 и Активност бр. 2 МКД 1.1.1.0.2**

**Одговорни за активноста**:
Република Македонија: Рефет Амети
Сектор за европска интеграција
Министерство за труд и социјална политика
Тел: ++389 2 3106 294 Факс : *00 **389 2 3106 294***
Е-пошта: RAmeti@mtsp.gov.mk

Франција:
Даниел Гзирау, Одговорен за европска и меѓународна соработка во Националниот институт за труд, вработување и професионална обука (ИНТЕФП);
Тел: 00 33 4 78 87 49 84 ; Факс: 00 334 78 87 47 00
Е-пошта: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

**Опис на проектот:**
Проектот има за цел да им овозможи на инспекторите добро да ја запознаат транспонираната регулатива во областа на здравјето и безбедноста на работното место.
Се работи за продолжување на активностите што веќе беа спроведени во рамките на билатералната соработка 2009-2011.
Овој проект се однесува на заштитата на здравјето и безбедноста на работниците на работното место, преку насочување кон заштита од хемиски ризици, директиви 98/24/ЕК, 2000/39/ЕК, 91/322/EEC, 2006/15/ЕК).
Организиран е во 2 активности:

- првата се однесува на семинар за поддршка на Државниот инспекторат за труд, вклучувајќи еден ден посветен на резиме-проценка на активностите на соработка спроведени во областа на здравјето и безбедноста при работа и подготовка на втората активност;
- втората се однесува на студиска посета за продлабочување на темата во Франција, вклучувајќи еден ден за резиме-проценка што ќе овозможи да се отворат нови заеднички размислувања за продолжување на соработката.

**Општа цел:**
Согласно принципите поставени со директивите на Европската Унија, да се адаптираат практичните детали во рамките на интервенцијата на државните трудови инспектори за да се гарантира ефективност на транспонираното право.

**Специфични цели:**
Поддршка во имплементација на ЕУ регулативи.
Поддршка во прилагодувањето на методологијата за контрола.

**Очекувани резултати:**
Познавања и развој на вештините да се врши контрола врз основа на минималните барања во однос на безбедноста и здравјето на работното место.
Увид во добри практики за имплементирање на ЕУ директиви.

**Квантитавивни индикатори или индикатори за влијание:**
Околу 50 трудови инспектори се обучени за методологијата за интервенција и контрола на работното место.

**Инструменти за следење:**
Подготовка и одобрување на извештаите на крајот на активноста.
Контролна табела за одвивањето на активноста.

**Место на реализација:**

- **Активност бр. 1 МКД 1.1.1.0.1**: семинар за поддршка кон развојот на методологија за интервенција и контрола на работните места во Македонија, јуни 2013, 3 работни дена;
- **Активност бр. 2 МКД 1.1.1.0.2**: студиска посета во Франција, прво полугодие на 2013, 4 работни дена.

**Број на експерти што ќе учествуваат**:
Два француски експерти и толкувач во Македонија.
4 македонски експерти и толкувач за студиската посета во Франција.

**Квантитативни индикатори и индикатори за влијание :**
Околу 50 трудови инспектори се обучени за методологијата за интервенција и контрола на работното место.

**Изработка / Споделување:**
Извештај од мисијата во Македонија составуваат француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проект.
Извештај од студиската посета во Франција составуваат претставниците на македонската делегација, а во контакт со францускиот раководител на проект.

## ВРАБОТУВАЊЕ

МАКЕДОНИЈА
Област: Вработување
ПРОГРАМА 2012-2014

### Стратешка оска на поврзување: Стратешка поддршка кон европската интеграција

### Проект бр. 1: Еурес и мобилност на работната сила

#### Активност МКД 2.1.1.0.1: Зајакнување на капацитетите за Еурес

**Раководители на проектот:**
Франција: Даниел Ноел-Боне, раководител на проект, Агенција за вработување, Дирекција за набљудување, истражување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12 Факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

Македонија: Веља Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:**
Проектот има за цел да обезбеди техничка поддршка на Агенцијата за вработување на Република Македонија за да се подготви за интеграција во европската мрежа на советници ЕУРЕС.
Семинар од 2 дена, воден од 2 експерти.

**Општи цели:**
Информирање на одговорните во Агенцијата за техничките детали на спроведувањето на мрежа на советници ЕУРЕС. Претставување: критериумите за селекција на советниците ЕУРЕС, нивните задачи, неопходните материјални услови (простории, опрема) како и искуството на француската Агенција во однос на спроведувањето и анимирањето на оваа мрежа.

**Очекувани резултати:**
Дефинирање од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија на профилот на работното место советник ЕУРЕС. Сместување во рамките на структурата.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Број на учесници на семинарите. Број на претставени региони.

**Обврски за секоја од страните соодветно:**
Извештај по враќањето од секоја мисија (треба да го содржи бројот и функцијата на лицата кои биле сретнати или обучени). Претходни услови за спроведување на активноста: заедничко дефинирање на целната група, обезбедување на толкување француски-македонски, размена на информации и документи.

**Изработка / Споделување:** Извештај од мисијата во Македонија составуваат француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проект.

**Предвиден календар за проектот: Активност МКД 2.1.1.0.1:** Зајакнување на капацитетите за Еурес - Семинар во Република Македонија, спроведен од страна на 2 експерти, второ полугодие на 2013.

**Проект 2: Користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување**
Во партнерство со агенцијата РАСИН, Мрежа за поддршка и споделување на европските иновации

## Активност МКД 2.1.2.0.1:Обука за управување со проектен циклус

**Раководители на проектот**:
Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија ;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

Франција: Жоел Гримо, Агенција РАСИН / Меѓународна соработка
Тел: 01 44 08 65 35 Факс: 01 44 08 65 11
Е-пошта: Grimaud@racine.fr

**Опис на проектот :**
Управување со проектен циклус (УПЦ) (3 дена): формулирање, планирање и следење.

**Преглед на обуката:**
Оваа обука предлага еден општ преглед на методологијата за управување со проектен циклус. Таа е осмислена за практичарите што раководат со проекти, што сеуште не следеле основна обука или пак оние на коишто им недостига една општа слика за управувањето со проектен циклус. Оваа обука ги покрива сите фази на проектниот циклус: анализа на потребите, формулирање на проектот, планирање, следење на спроведувањето на проектот до неговата евалуација.

**Обуката е наменета на:**
Вработени во одделението за ИПА фондови и проекти, како и за други вработени во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Општа цел:**
Приближување кон европските стандарди, подготовка на интеграцијата, подобро користење на алатката ЕСФ.

**Специфични цели:**
Размена на искуства и добри практики.

**Очекувани резултати:**
Полесен пристап до алатката ЕСФ.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:**
Број на апликации за ЕСФ во Македонија.
Број на регулирани апликации.
Број на спорови.
Извештај од мисијата во Македонија составуваат француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проект.

**Предвиден календар за проектот:**
Февруари 2013

**Проект 2: Користење на ЕСФ од страна на јавните служби за вработување**
Во партнерство со агенцијата РАСИН, Мрежа за поддршка и споделување на европските иновации

## Активност МКД 2.1.2.0.2 : Работилница за користење на ЕСФ

**Раководители на проектот**:
Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија ;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

Франција: Жоел Гримо, Агенција РАСИН / Меѓународна соработка
Тел: 01 44 08 65 35 Факс: 01 44 08 65 11
**Е-пошта:** Grimaud@racine.fr

**Опис на проектот:**
За да бидат обуките што е можно поинтерактивни, РАСИН се залага на спроведување на работилници што овозможуваат да се земат директно предвид потребите на институциите задолжени за програмирање и спроведување на проекти во рамките на ИПА програмата. Тие претставуваат вистинска поддршка и совет по мерка.
Во текот на овие работилници ќе бидат реализирани практични случаи. РАСИН се потпира исто така на сопственото искуство за да ги илустрира конкретните примери (примери на тешкотии и успеси со кои се соочиле институциите, проектите, посредничките органи во Франција и во другите држави-членки во поглед на програмирањето, селекцијата, спроведувањето на еден проект, трошоците што се покриваат, сертификатите, евалуацијата, извештаите или сите други елементи поврзани со ревизијата).

**Очекувани резултати на крајот на обуката**
По обуката, учесниците:
- ќе се запознаат со различните чинители и институции вклучени во донесувањето одлуки и легислативната процедура на Европската Унија, особено во областа на коехезионата политика;
- ќе ги имаат потребните знаења за спроведување на програми како што е подготовка на проекти, оценување, селекција, анализа на ризици и анализа на исплатливоста;
- ќе ги разберат основите на финансискиот менаџмент и контрола;
- ќе стекнат вештини во следењето и евалуацијата на европските структурни фондови и ИПА програмите;
- ќе можат да се служат со стекнатите знаења во секојдневната работа, во однос на процедурите за ИПА/ЕСФ;
- ќе бидат способни да обучуваат други лица што ќе се приклучат во тимот;
- ќе добијат подобри алатки за осмислување на идниот национален план за развој или оперативна програма.

**Предвиден календар за проектот:**
Април 2013.

## Проект 3: Борба против дискриминација

### Активност МКД 2.1.3.0.1: Семинар за борба против дискриминација

**Раководители на проектот:**

Франција: Даниел Ноел-Боне, раководител на проект, Агенција за вработување, Дирекција за набљудување, истражување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12 Факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:**
Проектот има за цел да обезбеди техничка поддршка на Агенцијата за вработување на Република Македонија во областа на борбата против дискриминцијата.

**Општа/и цел(и):**
Претставување на стратегијата и активностите спроведени од страна на француската Агенција за вработување.
Илустрирање преку примери.
Претставување на локалните активности и алатките.

**Очекувани резултати:**
Дефинирање на стратегија.
Спроведување на активности, создавање на локални алатки.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:** (посочување на изворите на податоци што ќе бидат собрани преку прецизирање, во краен случај, на изворите на податоци што треба да се конструираат);
Примери:
Спроведени мерки и активности.

**Обврски за секоја од страните соодветно:**
Извештај по враќањето од секоја мисија или по секој пречек (Извештајот треба да го содржи бројот и функцијата на лицата со кои се оствариле средби или обука).
Неопходно пред спроведувањето на активноста: заедничко дефинирање на засегнатата публика, обезбедување на толкување француски-македонски, размена на информации и документи.

**Изработка / Споделување**
Испраќање на извештаи од мисијата, кратки извештаи од пречекот, очекувани понатамошни насоки.

**Предвиден календар за проектот:**
Јануари 2014 година.

## Проект 4: Политики за вработување

### Активност МКД 2.1.4.0.1: Семинар за политики за вработување

**Раководители на проектот:**

Франција: Даниел Ноел-Боне, раководител на проект, Агенција за вработување, Дирекција за набљудување, истражување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12 Факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија ;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

**Опис на проектот:**

Проектот има за цел да го претстави францускиот пристап во однос на политиките за вработување и улогата на Агенцијата за вработување на Франција во рамките на стратегијата Европа 2020.

**Општи цели:**

Претставување пред македонските одговорни лица на француската постапка и цели. Улога на Стратегијата на Агенцијата за вработување на Франција: чинител за спроведување, но и за збогатување на размислувањата на јавните власти и социјалните партнери во однос на политиките за вработување (види Стратегијата на Агенцијата за вработување на Франција 2015).

**Специфични цели:**

- увид во политиките за вработување на млади и нивното вклучување на пазарот на труд;
- увид во искуството за поврзување на политиките за образование и политиките за вработување, со цел зголемување на изедначувањето помеѓу понудата и побарувачката на трудот;
- увид во искуствата по однос на истражувања на потреби на работна сила во насока на креирање на поефикасни политики за вработување.

**Очекувани резултати:**

Збогатување на размислувањата на учесниците.
Обезбедување поддршка во изработувањето на македонските политики за вработување.

**Обврски за секоја од страните соодветно:**

Неопходни обврски пред спроведувањето на активноста: заедничко дефинирање на засегнатата публика, обезбедување на толкување француски-македонски, размена на информации и документи.

**Изработка / Споделување**

Извештај од мисијата во Македонија составуваат француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проект.

**Предвиден календар за проектот:** Ноември 2012.

**Инструменти за следење:**

Редовни прегледи на секоја етапа во однос на напредувањето на проектот. Годишна проценка. Контролна табела.

**Стратешка оска на поврзување бр. 2: Зајакнување на ефикасноста на Агенцијата за вработување на Република Македонија**

**Проект 1: Развој на алатки во служба на посредувањето**

- **Активност бр. МКД 2.2.1.0.1: Семинар за односи со претпријатијата;**
- **Активност бр. МКД 2.2.1.0.2: Студиска посета за размена на искуства преку практични примери за односи со претпријатијата.**

**Раководители на проектот:**

Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија ;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

Франција: Даниел Ноел-Боне, Раководител на проект, Агенција за вработување, Дирекција за набљудување, истражување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12 Факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да обезбеди поддршка на Агенцијата за вработување на Република Македонија во областа на односите со претпријатијата, преку дополнително користење на различни комуникациски канали (повеќеканална стратегија).

**Општи цели:**

Претставување на повеќеканалната стратегија на француската Агенција. Претставување на специфичната понуда на услуги на француската Агенција и на различните алатки. Придонес кон дефинирањето на специфична понуда на услуги во рамките на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Очекувани резултати:**

Дефинирање на локална стратегија. Создавање на локални алатки. Подобрување на квалитетот на посредувањето.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание:** Движење на бројот на контакти, бројот на понуди за работа, поврзувања и воспоставувања контакт, посети на интернет сајтот.

**Обврски за секоја од страните соодветно:**

Извештај од мисијата во Македонија составуваат француските експерти, во контакт со македонскиот раководител на проект. Извештај од студиската посета во Франција составуваат претставниците на македонската делегација, а во контакт со францускиот раководител на проект.

**Предвиден календар за проектот :**

- **Активност бр. 1 МКД 2.2.1.0.1:** Семинар во Македонија, воден од 2 експерти, последно тромесечие од 2012 (2 дена).
- **Активност бр. 2 МКД 2.2.1.0.2 :** Студиска посета во Франција на делегација од 3 експерти, трето тромесечие од 2013 (3 дена).

**Инструменти за следење:** Редовни прегледи на напредокот на проектот. Годишна проценка. Контролна табела.

## Проект 2: Информациски систем за пазарот на труд

### Активност МКД 2.2.2.0.1: Обука за развој на статистички анализи во рамките на Агенцијата за вработување на Република Македонија

**Раководители на проектот:**

Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

Франција: Едита Јашароски, одговорна за статистички проучувања, француска Агенција за вработување, Дирекција за истражувања и статистика на пазарот на трудот
Е-пошта: Edita.JASAROSKI@pole-emploi.fr

**Опис на проектот:** Дефинирање на потребите од анализа во однос на барателите на работа и користење и процесирање на податоците од информацискиот систем на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Овој проект, кој има за цел развој на статистичкиот систем за баратели на работа и невработеност, спаѓа во рамките на продолжувањето на активностите поврзани со информацискиот систем.

**Општи цели:** Претставување на истражувањата спроведени во француската Агенција (примери на повеќегодишна невработеност), анализа на достапните податоци во поглед на македонскиот пазар на трудот, определување на групи од население што ќе бидат анализирани.

**Очекувани резултати:** Предлагање, заедно со Агенцијата за вработување на Република Македонија, на оски за анализа (белешка за проблематиката), определување на алатки (избор на податоци, датотеки што треба да се изработат, анкета), креирање на некои индикатори/статистики во однос на проучуваното/ите население/ја.

**Квантитативни индикатори или индикатори за влијание**
Примери.
Процент на намалување или зголемување во однос на претходно идентификуваната или почетната основа.
Број на лица.

**Изработка / Споделување**
Задолжителни обврски пред спроведувањето на активноста.
Финансии, човечки ресурси, логистика.
Заедничка работа со службениците од македонската агенција што се задолжени за статистика и за информацискиот систем.
Добро разбирање на македонскиот пазар на трудот.

**Предвиден календар за проектот:**
**Активност МКД 2.2.2.0.1:** Обука за развој на статистички анализи во рамките на Агенцијата за вработување на Република Македонија (второ тромесечје 2013)

**Инструменти за следење:**
Редовни прегледи на напредокот на проектот. Годишна проценка. Контролна табела.

## Проект 3: Развивање на самостојноста на барателите на работа

### Активност МКД 2.2.3.0.1 Капитализирање и верифицирање на стекнатите искуства за поголема можност за вработување на барателите на работа на пазарот на труд

**Раководители на проектот:**

Македонија: Вељка Јуран, Раководител на одделението за ИПА фондови и проекти во Агенцијата за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126) Факс: 00 389 2 3111 856
Е-пошта: veljka.juran@avrm.gov.mk

Франција: Даниел Ноел-Боне, раководител на проект, Агенција за вработување, Дирекција за набљудување, истражување и меѓународни работи, Оддел за меѓународна соработка
Тел: +33 01 40 30 62 12 Факс: +33 (0)1 40 30 69 26
Е-пошта: d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

**Опис на проектот:**

Социјалните работници играат важна улога за да им пренесат на нивните клиенти култура на капитализација на нивните искуства и да им овозможат да научат една ефикасна постапка на формализирање на стекнатите искуства.

Проектот има за цел да обезбеди поддршка на Агенцијата за вработување на Република Македонија за таа да може да ја интегрира културата на капитализирање и признавање на наученото, во рамките на нејзината понуда на услуги наменети за барателите на работа. Тој спаѓа во ориентациите дефинирани во Националната стратегија за вработување 2011-2015 (развој на квалификувана работна сила, обука и ориентација во текот на целиот живот). Проектот ја продолжува активноста започната во јуни 2012 година со семинарот во Скопје.

**Општи цели:**

Запознавање на засегнатите лица во македонската служба за вработување со општата рамка и предизвиците на признавањето и вреднувањето на наученото во текот на целиот живот.

Да се направат барателите на работа посамостојни во нивната потрага по вработување и во нивните капацитети за доживотна ориентација.

Да им се овозможи на советниците да им помогнат на барателите на работа да ги објаснат активностите што ги владеат, да водат евиденција за таквите активности надвор од строгите рамки на кратката биографија.

Да ги формулираат нивните искуства во писмена форма и усно да ги аргументираат.

**Очекувани резултати:**

Создавање на признаени локални алатки, како алтернатива на единственото доставување на кратка биографија.

Воспоставување на специфична понуда на услуги.

Подобрување на квалитетот на посредувањето преку можноста за трансфер на вештините од еден сектор во друг.

**Квантитативни индикатори и индикатори за влијание:**
Процент на намалување или зголемување во однос на претходно идентификуваната или почетната основа.
Број на лица обучени од страна на обучувачите.

**Соодветни обврски за секоја од страните :**
Финансии, човечки ресурси, логистика.
Извештај по враќањето или по пречекот на секоја мисија. (Треба да го содржи бројот и функцијата на лицата што биле сретнати или обучени).
Предуслови за спроведување на активноста.

**Инструменти за следење :**
Редовни прегледи за напредокот на проектот, годишна проценка, контролна табела.

**Квантитативни индикатори и индикатори за влијание**
Движење на бројот на позитивни поврзувања на засегнатите баратели на работа
Број на лица обучени од страна на обучувачите

**Предвиден календар за проектот**: второ тромесечие на 2014

## ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Потпишувањето на ПРОГРАМАТА за соработка ќе биде извршено преку взаемно испраќање по пошта на два примероци на француски и два примероци на македонски.

**Активност МКД 5.0.0.0.1 и МКД 5.0.0.0.2 во мај 2013 и мај 2014** : Со цел да се обезбеди координација, техничко следење и евалуација на активностите за соработка предвидени со оваа ПРОГРАМА, предвидени се вкупно 24 експертски денови (2 работни дена и 2 дена патување) за трите раководители на проекти (ГИП Интернационал, француската Агенција за вработување, ИНТЕФП или ДГТ), за таа цел.

Во Скопје, на 19 октомври 2012 година

**Г-ѓа Мари Агам-Ферие**

**Директор на ГИП Интернационал**

**Г-дин Спиро Ристовски**

**Министер за труд и социјална политика на Република Македонија**